
ЕКОЛОШКИ ИНФОРМАТОР Бр.3

## Состојба со отпадот во Прилеп

Состојбата со комуналниот отпад во Прилеп не е на задоволувачко ниво, а депонијата каде што тој се носи не ги задоволува ни основните критериуми за санитарна депонија.

Се оценува дека во досегашниот период во депонијата се однесени околу 500.000 тони отпад, а секоја година се депонираат нови 40.000 тони.

Со оглед на тоа што отпадот не се третира адекватно, депонијата претставува сериозен проблем за животната средина, а посебна е опасноста за човековото здравје.

Активностите што се преземаат со проектот за управување со отпадот во југозападна Македонија, најверојатно ќе ја подобрат ваквата состојба.

Со проектот кој покрива простор од 35 општини (Прилеп, Битола, Кичево, Охрид, Ресен, Струга и др.) би се надминале проблемите со собирање и депонирање на отпадот, ќе се минимализираат ризиците по здравјето на населението, со што ќе се подобри животната средина на целото подрачје.

Со овој проект, централната депонија во Прилеп ќе покрива простор од 20 хектари со волумен од 3 милиони метри кубни и експлоатационен период од 20 години.

Од целокупниот просотор на југозападна Македонија се очекува да се генерира околу 140.000 тони комунален отпад годишно.

Во суштина, тоа е само прва фаза за реализација на проектот да се собира отпадот и да се депонира, за што наводно се обезбедуваат 22 милиони евра.

Во понатамошниот период ќе треба да се предвидат мерки за селектирање на отпадот и третман на селектираните суровини и другите неоргански материјали. Дотогаш, отпадот ќе биде депониран на депонијата во Прилеп.

## Решение за комуналниот отпад во Прилеп

Како што веќе нагласивме, на постојната депонија веќе се наоѓаат околу 500.000 тони комунален отпад, а секоја година таму се депонираат нови 40 000 тони.

Според предвидувањата, во некој следен период, ќе се преземаат мерки за селектирање на комуналниот отпад и третман на селектираните суровини.

Ние нудиме решение за комуналниот отпад во Прилеп, и тоа како за оној што е веќе депониран, за оној што секојдневно се создава така и за отпадот што се предвидува да се собира и депонира според проектот за југозападна Македонија.

Тоа ќе се постигне со изградба на постројка за третман на комуналниот отпад со пиролиза на ниска температура и добивање на обновливи материјали и електрична енергија.

На таков начин, првенствено ќе се уништи досега депонираниот отпад и постојната депонија ќе се рекултивира во пристојна површина. Секојдневниот отпад што ќе се собира, директно ќе се уништува и нема да се депонира, а на ваков начин ќе се постапува и со комуналниот отпад кој ќе се собира со проектот југозападна Македонија.

Според тоа, нема да биде потребно зафаќање на површина за нова депонија од 20 хектари, ќе нема потреба отпадот да се депонира и да чека подобри времиња за селектирање и третман на селектираните суровини.

**Кирил Настески**
*архитект, консултант*



икона, **Богородица Пелагонитиса,** манастир Св. Преобразение, с. Зрзе
1422 година, Иконописец јеромонах зограф **Макарие**



Манастир **Св. Преображение** - с. Зрзе

## Економија на селото

Селанецот отсекогаш се наоѓал во многу тешки услови за живот, а со тоа и опстанок, но се чини дека таквиот негов-наш опстанок и денес не е многу променет. Токму овде кај нас, јас и моите "колеги"– земјоделци се наоѓаме во една многу тешка состојба. Ние со својот труд и со своите производи претставуваме еден голем дел од базата за опстанок и развој на човештвото и на нашата нација и држава, а сепак нашиот статус и нашиот опстанок како земјоделци е доведен во прашање.

Покрај многуте селскостопански производи, јас и многуте мои, наши и ваши земјоделци, напатени и измачени, понижени и нецелети производители на храна /читај ЛЕБ/, обезбедуваме повеќе од 90% од потребите на нашата држава и нација, а сепак ние сме гладни. Зошто? Леб – колку гордо звучи. Леб што значи живот, убав, сладок – го имаме, а сепак ние производителите останавме без него. Никој не води сметка за нас, за него, како се раѓа и колку чини, како да е подарок од некоја друга планета, а не да расте на оваа наша насушна земја–родилка. Ние земјоделците, ние селаните кои не знаеме за одмор и почин, останавме без него, гладни, нема кој да ни помогне.

Нашиот лански род на пченица се уште не ни е платен, а треба да одгледаме нов, да ги прихраниме нашите посеви, за да имаме богат и убав род. Продадов 18 тони пченица, а до денес денар немам наплатено.

Кој е виновен за тоа?

Јас што ја произведов, или тој што ми ја купи, а не ми ја плати. Тој е сит и богат, а јас гладен и сиромав заедно со мојата фамилија. Не знам зошто се чувствувам виновен, заради лебот мој.

Истиот "тој" се фрла насекаде, се гази. Лебот мој и наш го јадат без пари гладни и сити усти.

Зошто јас немам пари, пари за својот труд и својот опстанок?

Нашиот труд, нашата мака и нашата солена пот некој не сака да ги плати.

Некој не понижува, не уништува нас земјоделците, систематски го прави тоа, а вредни сме и трудољубиви луѓе.

Дали е секаде така или само овде кај нас? До кога ќе бидиме аргати без пари, има ли крај?

Сакаме да веруваме дека и на ова и на ваквиот однос кон нас ќе им дојде крајот, крај што ќе значи нов почеток.

*дипл. екон.* **Ацо Алексоски**

Фотографија, насловна страница, **Петре Николоски**, 2006
Фотографија, последна страница, **Петре Николоски**, 2006

Лектура: **Снежана Магдеска – Митоска**
Технички уредник: **Илија А. Барлески**
Компјутреска обработка: design studio "BARLE"

E-mail: **ecoinfo.prilep@gmail.com**

**ЕКОЛОШКИ ИНФОРМАТОР** Бр.3
Јуни, 2007

***Издавач:*** Центар за Култура "Марко Цепенков"- Прилеп

**Еколошкиот информатор** е временски ограничен, описно / сликовит приод на Прилепското поднебје од сите можни научни и културни погледи. Резултатот се сознанија за современието, под иницијатива на Петре Николоски и Јасмина Арнаутовиќ, во организација на ликовната галерија при Центарот за култра "Марко Цепенков", Прилеп.

Следниот еколошкиот информатор ќе биде посветен на Прилепската археологија, ликовната колонија и научното и културно делување на Бошко Бабиќ.

**"Ecology is the way to read life on earth"**
**"Екологијата е начин како да се осознае животот на земјата"**



"Органско производство на пченица", **Гоце Василевски,** 2006

## ИСТОРИЈА НА ИСХРАНАТА И ПРЕРАБОТКА НА ЗЕМЈОДЕЛСКИТЕ ПРОИЗВОДИ

Човекот, како и секој друг жив организам, за задоволување на своите енергетски и биолошки потреби користи храна. Храната е основа на животот и во ниеден случај не може да биде изоставена. Историски погледнато, како номад или ловец, во почетокот тој се хранел со такви производи какви што му ги давала природата, но со текот на еволуцискиот развој тој почнува да ги преработува, облагородува, конзервира, чува итн. Со развојот на урбаните средини и индустријата се зголемува преработка и трговијата на прехранбени производи. Бидејќи потрошувачите сакаат и очекуваат храната да биде со висока хранлива вредност и здравствено безбедна, многу одамна е создадена, и до ден денес се усовршува законска регулатива за примарното производство, индустриската преработка и трговијата со прехранбени производи.

Здравата исхрана е првиот одбранбен механизам од негативните ефекти на современиот начин на живеење, исполнет со стресови, загадување, радијација, отровни хемикалии и заразни болести. Доволното количество соодветна и во вистинско време употребена храна, обезбедува доволно енергија за секојдневните активности, свежина и ведар дух во текот на денот.

Развојот на науката за храна и исхрана постојано претрпува значајни концепциски промени. Минатиот век започнува со концептот за "***соодветна***", "***традиционална***" или "***избалансирана исхрана***", потоа се разработува концептот за "***оптимална исхрана***", додека кон крајот на векот се дефинира концепт за "***функционална храна***".

Иднината на земјоделското производство денес се гледа во следниве насоки: традиционално, одрживо, органско и производство на генетски модифицирани организми, додека во индустриското производство на прехранбени производи - во целосно спроведување на светски признатите стандарди.

Производството и преработката на храна во прилепското стопанство треба да биде насочено кон воспоставување на систем на добри односи меѓу животната средина, селекционерите, практичарите и потрошувачите. Во овој систем потребно е изградување на марка (бренд) на прилепски прехранбени производи кои ќе овозможат афирмација на регионот и обезбедување на сигурна економска иднина.

*Проф. д-р* **Гоце Василевски**

